РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 399
27.03.2026 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 27 став 8 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25“) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на општина Виница ("Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

О Д Л У К А

За донесување и усвојување на Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за БЛОК 4 - Виница, плански опфат помеѓу: граница на плански опфат на ГУП, дел од ул.2003, дел од ул. 2002, дел од ул. 103 и дел од ул.101 - Виница

Член 1

Се донесува **Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за БЛОК 4 - Виница, плански опфат помеѓу: граница на плански опфат на ГУП, дел од ул.2003, дел од ул. 2002, дел од ул. 103 и дел од ул.101 - Виница**, Општина Виница со технички број 28/25 од Февруари 2026 година изработен според член 13, член 27 и член 31 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) од страна на Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ПРОСТОР-Куманово.

Член 2

Планот се изработува за дел од Блокот 4 - град Виница, за кој има изработен ДУП за целиот Блок 4, дефиниран со ГУП-от за град Виница.

Планскиот период е 2025 г. - 2030 г.

Целта на Измената и дополнување на дел од ДУП Блок 4 е измена на сообраќајното решение на тој дел од планот, како и поврзување (спојување) на катастарските парцели КП 3984/4, КП 3984/7, дел од КП 3984/1, КП 3984/2, КП 3734/1, КП 3984/6 со КП 3735/2 во една градежна парцела, во согласност со Закон за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25,101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко

планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25), како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 57603,97 m² или 5,76 ха.
Во важечкиот ДУП за Блок 4 - Виница, предметниот плански опфат кој претставува дел од истиот Блок 4, како и во Парцијална измена на ГУП-от за БЛОК 4- Виница, во планскиот опфат кој е дел од истите се предвидени следниве класи на намени:

- Г - рударство, енергетика, индустрија
- Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
- Е - инфраструктури
- Е1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Е1.1 - сообраќајни и патни инфраструктури
- Е1.5 - инфраструктури на водоснабдувањето
- Е1.6 - канализациски инфраструктури
- Е1.7 - топловоди и пароводи
- Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија
- Е1.9 - телекомуникациски водови
- Е1.12 - инфраструктури за наводнување

Член 3

За продолжување на постапката за предметниот **Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за БЛОК 4 - Виница, плански опфат помеѓу: граница на плански опфат на ГУП, дел од ул. 2003, дел од ул. 2002 , дел од ул. 103 и дел од ул.101 - Виница** , по добиената Согласност од Министерство за Транспорт - Скопје, во системот е-урбанизам согласно законот потребно е усвојување и одобрување на конечниот предлог - Детален урбанистички план од Советот на општината.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев